Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 11-тата седница одржана на ден 02.12.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1916/2 од 16.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА**.

До Владата на Република Северна Македонија да се достави **укажување** во однос на именувањата на вршители на должност директори/заменици на директори.

Предметот со број 12-1916/2 од 16.07.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Во периодот по завршување на изборите, до Државната комисија за спречување на корупцијата во повеќе наврати беше доставено прашањето за именувањето на вршители на должност директори и заменици директори на државни органи/институции од страна на Владата на Република Северна Македонија. Конкретно, прашањето се однесува на основаноста за назначување на вршители на должност и утврдувањето на исполнетоста на законски предвидените услови за директор/заменик директор од страна на лицата кои се именувани како вршители на должност на одредена функција.

Со цел обезбедување на потребните информации, Државната комисија согласно член 17 став (1) точка 13 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, до Владата на Република Северна Македонија достави барање бр.12-1916/1 од 12.07.2024 година за доставување податоци - преглед на лица кои се именувани за в.д. директори по изборот на Владата на РСМ, како и копија од актот за нивното именување. Со оглед на актуелноста и јавниот интерес кој го засега ова прашање, Државната комисија

донесе заклучок да се оформи предмет по сопствена иницијатива заведен под број 12-1916/2.

По доставеното барање, Владата на Република Северна Македонија со допис бр.14-5978/2 од 01.08.2024 година, достави табеларен преглед на именувани в.д. директори и в.д.заменици директори и копија од решенијата за нивното именување.

Видно од табеларниот преглед, во периодот од изборот на Владата на РСМ, заклучно со 24.07.2024 година, Владата донела решенија за именување на вкупно 46 в.д.директори/в.д.заменици директори. Сите решенија се објавени во „Службен весник на РСМ".

Имајќи предвид дека и по добивањето на овие податоци, во јавноста се објавувани информации за ново именувани вршители на должност на одредена функција, Државната комисија констатираше дека именувањето на в.д.директори/ в.д.заменици директори од страна на Владата се врши во континуитет, што може да се потврди и од тековното објавување на решенијата за именување на Владата во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Надлежноста на Владата за именување на директори е утврдена во Законот за Владата („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013,139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019) и во посебните закони, специфично за конкретниот државен орган/институција, чија надлежност се утврдува со посебниот закон. Во таа насока, член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија пропишува дека *„Со решение Владата врши именување и назначување, односно разрешување од должност на директори кои раководат со органи на државната управа, државен, односно генерален секретар и други именувања и разрешувања за кои е овластена и одлучува за други прашања и за управни работи."* Дополнително, во посебните закони се пропишани условите за именување на директор/заменик директор на државните органи/институции, а именувањето се врши во законски пропишана постапка, која се спроведува по претходно објавен јавен оглас.

Имајќи го предвид целиот процес на именување на в.д. директори и в.д. заменици директори од страна на Владата, кој и понатаму се одвива во континуитет, Државната комисија со цел исполнување на својата превентивна надлежност, оцени дека е

потребно до Владата на Република Северна Македонија да достави **укажување** за следното:

- При именување на вршители на должност на одредена функција, Владата на Република Северна Македонија, како орган надлежен за именување на директори/заменици директори, има обврска да води сметка лицето кое го именува на конкретната функција да ги исполнува условите за директор/заменик директор пропишани со посебниот закон.

- Именувањето на вршители на должност на одредена функција треба да биде од времен карактер, до завршување на постапката по објавен јавен оглас за именување на директор/заменик директор.

- Во исполнување на својата надлежност од член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија, а со цел доследна примена на одредбите од посебните закони за именување на директори/заменици директори, Владата има обврска во најкус можен рок да објави јавни огласи за именување на директори/заменици директори и да спроведе соодветна законска постапка, почитувајќи ги принципите на транспарентност, еднаквост и конкурентност.

Согласно сето горенаведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Согласен : м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член на ДКСК